Консалтинг за стратешки развој (КСР), во рамките на „Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, објавува

**Повик**
за

**избор на виш експерт за обезбедување техничка помош на избраните 14 единици на локалната самоуправа за спроведување на општински форуми**

## 1. Историјат на Проектот

Северна Македонија се стреми да биде просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество, а Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите (2021 - 2026) ќе им помогне на македонските владини институции да ги направат и независно да управуваат со потребните административни, фискални и политички промени предвидени во Планот за активности во рамките на Проектот. Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите ќе работи на подобрување на фискалната транспарентност и отчетноста на локалната администрација преку зајакнување на капацитетите за развивање и користење на алатки за учество на граѓаните во развојот на општинскиот буџет.

Проектот работи на утврдување на алатките за учество на граѓаните и развој на интерни процедури за партнерските ЕЛС. Овие процедури помагаат да се регулира рамката и постапката за вклучување на граѓаните во процесите на одлучување.

Техничката помош на експертот ќе се заснова на резултатите од спроведената Карта на показатели за успешноста на општините и идентификуваните празнини од страна на тимот на проектот и ќе им понуди поддршка на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) во подобувањето на фискалната транспарентност и отчетност. Консултантот ќе обезбедува директна техничка помош (ТП) и поддршка на група од 14 ЕЛС за развој и подобрување на вештините за спроведување на буџетски форуми.

## 2. Цел и делокруг на ангажманот

Со цел да обезбеди квалитетна и стручна помош, консултантот мора да ги преземе следните чекори и да ги изврши следните задачи, како што е наведено подолу:

- Заедно со тимот на проектот, да спроведе една дводневна работилница со претставници од 14-те партнерски ЕЛС во врска со аспектите на буџетската транспарентност и учеството на граѓаните во планирањето на општинскиот буџет врз основа на концептот на буџетски форуми којшто е веќе развиен и усвоен од повеќето ЕЛС.

- Заедно со тимот на проектот, да обезбеди менторство и обука на работното место за сите 14 ЕЛС, на барање и во рамките на доделеното Писмо за активности (LOE). Ова може да вклучува давање совети онлајн и директни состаноци со поединечни или групни претставници на ЕЛС, посети на форумски сесии, како и преглед на документи и совети поврзани со спроведувањето на буџетските форуми, како што се улогите и одговорностите на вработените на ЕЛС, документи за форумите што се лесни за користење од страна на граѓаните (презентации за приходите и расходите), агенди, мобилизација на граѓаните, правила за буџетските форуми, критериуми и известување, утврдување на приоритетите во однос на потребите на граѓаните и препораки во буџетот итн.

- Да доставува редовни месечни извештаи до Раководителот на компонентата за напредокот на активностите во секоја ЕЛС. Консултантот треба по потреба да дава препораки за измена на активностите и навремено да информира за сите прашања што предизвикуваат застој во работата. Исто така, консултантот треба да се координира со членовите на тимот на Проектот за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите (SRMA) коишто обезбедуваат други видови на ТП со цел да се обезбеди координиран пристап на SRMA во однос на секоја ЕЛС.

**3. Резултати**

Консултантот ќе има обврска за известување до Раководителот на Компонента 3 на Проектот за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите и ќе доставува месечни временски распореди и извештаи како основа за плаќањето. Резултатите ќе бидат подетално наведени во договорот.

• Агенда, презентации, вежби и извештај за Работилницата за спроведување на буџетски форуми (што ќе се одржи од 15 до 16 септември во Скопје),

• Менторство и поддршка на работното место за ЕЛС за спроведување на буџетски форуми и известување.

Експертот ќе има месечна обврска за известување кон Раководителот на Компонента 3 на Проектот за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите

Ангажманот на консултантот ќе се оценува врз основа на исполнувањето на следните индикатори:

- Број на механизми за надворешен надзор на користењето на јавните ресурси поддржани со помош од Владата на САД.
- Број на нови општини обучени за планирање, подготовка, следење и извршување на буџетот.
- Број на обучени/менторирани вработени на општините.

**4. Период на извршување на активностите**

Ангажманот ќе се реализира во период од четири месеци (септември 2022 – декември 2022 година) со севкупен ангажман на консултантот до 10 дена.
Резултат 1 – 3 дена
Резултат 2 – 7 дена.

**5. Критериуми и квалификации**

- Академски квалификации:
  - Универзитетска диплома во областа на правото, економијата, социологијата и слично.
- Професионално искуство:
  - Најмалку десет (10) години професионално искуство во областа на учеството на граѓаните во одлучувањето на локалната власт, транспарентност на општинските финансии и отчетност на локално ниво;
  - Искуство во спроведување обуки и работилници на теми поврзани со децентрализацијата и работата на ЕЛС.
- Јазик:
  - Одлично познавање (усно и писмено) на македонскиот и англискиот јазик.
- Други критериуми:
  - Докажана способност за работа со густ распоред и завршување на услугите во утврдената временска рамка;
  - Јавните службеници не се подобни за учество.
- Поврзано претходно искуство:
  - Најмалку пет (5) ангажмани коишто се однесуваат на зголемување на транспарентноста и отчетноста на ЕЛС (форуми, работилници, обуки итн.).

**Интелектуална сопственост** – корисникот на ангажманот ќе ги поседува сите права и сите дела создадени во врска со овој договор, вклучувајќи ги и податоците, информациите, документите, владините тајни или други сопственички права на и во врска со работата. На консултантот не му е дозволено да објавува ниту еден дел од резултатите.

STRATEGIC DEVELOPMENT CONSULTING

**6. Процедура за аплицирање**

За да биде земен предвид, заинтересираниот кандидат треба да ги достави следните документи:

- Пропратно писмо,
- Кратка биографија (CV),
- Споредлива референтна листа со пет слични ангажмани со податоци за контакт од 2 препораки,
- Предложена бруто дневница во денари, вклучувајќи ги сите трошоци.

Потребните документи треба да бидат испратени на следната адреса за електронска пошта: contact@sdc.com.mk, најдоцна до **29 август 2022 година до 16:00 часот**. Нецелосните апликации нема да бидат земени предвид за оценување.